Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 01-102/3
21.02 2023 год.
БЕРОВО

**ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово**

# П Р О Г Р А М А
## за работа на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово за 2023 година

**Берово , Јануари 2023 година**

## Појдовна основа

Појдовна основа за изготвување на Програмата за работа на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово, за 2023 година е Законот за Социјална заштита, Законот за Семејство, Законот за заштита на децата, Законот за правда на децата, Законот за азил, Законот за општа управна постапка и другите законски и подзаконски правни акти кои непосредно се применуваат во областа на социјалната заштита, како и документи, програми и други прописи донесени од страна на Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности како и Меѓународни конвенции и Протоколи ратификувани од Собранието на Република С.Македонија и Владата на Република С.Македонија.

Центарот за социјална работа - Берово е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања за извршување на работи и работни задачи од областа на социјалната и детската заштита, семејно- правните односи, правдата за деца и решавање на социјалните проблеми на подрачјето на општините Берово и Пехчево.

Како глобална цел на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово се истакнува давањето на поддршка и помош на поединец, група или семејство кои се нашле во положба од социјален ризик каде постои можност да бидат зафатени со некоја социјална појава, односно имаат одредени проблеми, а не се во можност самостојно да ги решат.

Центарот за социјална работа - Берово и во текот на 2023 година ќе дава организирана општествена грижа и заштита на населението кое се наоѓа во положба на социјална потреба и тоа како по пат на институционална така и по пат на вонинституционална грижа.

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово тежнее кон навремено пристапување кон проблемите и ризиците на населението кои се нашле во било каков ризик и секогаш навремено да постапи кон решавање на истите.

## 2. ЗАКОНСКИ ВЛИЈАНИЈА

СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА. Се прогласува Законот за социјалната заштита, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 мај 2019 година. Истиот стапи на сила од 23.05.2019 година (сл. весник на РСМ, бр.104).

Во тековната 2022 година има измени само во Законот за социјална заштита.

## ОПИС НА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОСТОР

Центар за социјална работа е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работа од социјална заштита и успешно решавање на социјалните проблеми од подрачјето на општините Берово и Пехчево, а од 01.11.2008 година отворена е и канцеларија за материјални давања во Пехчево.

Според пописот од 2021 година, општините Берово и Пехчево заедно вкупно имаат 14.873 жители, од кои околу 73% отпаѓаат на општината Берово. Бројот на жители во двете општини опаднал за 4.585. Во општина Берово живеат 4.143 домакинства а во општина Пехчево 1.463.

Според пописот од 2021 година во општина Берово живеат вкупно 10.890 жители од кои 5.447 се мажи и 5.443 се жени, додека во општина Пехчево вкупно 3.983 жители од кои 2.024 се мажи а 1.959 се жени.

Староснатa структура на населението во општините Берово и Пехчево се карактерезира со помала застапеност на децата (0-14 години) и значително поголем удел на постарите од 65 години, посебно на старечкиот контингент (80+).

Во 2020 година во општина Берово се родени 91 новороденче од кои 26 се женски и 45 машки, додека 165 лица починале од кои 81 се мажи и 84 се жени.

Во 2020 година во општина Пехчево се родени 21 новороденче од кои 9 се женски и 12 машки, додека 63 лица починале од кои 31 се мажи и 32 се жени.

Во 2021 година во општина Берово се родени 49 новороденчиња од кои 24 се женски и 25 машки, додека 163 лица починале од кои 91 се мажи и 72 се жени.

Во 2021 година во општина Пехчево се родени 11 новороденчиња од кои 6 се женски и 5 машки, додека 74 лица починале од кои 42 се мажи и 32 се жени.

Во 2022 година во општина Берово се родени 42 новороденчиња од кои 20 се женски и 22 машки, додека 139 лица починале од кои 75 се мажи и 64 се жени.

Во 2022 година во општина Пехчево се родени 18 новороденчиња од кои 9 се женски и 59 машки, додека 48 лица починале од кои 25 се мажи и 23 се жени.

Во поглед на етничката структура на населението во општина Берово структурата е следна:

| | Македонци | Роми | Турци | Срби |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | **4.963** | **161** | **26** | |
| Жени | **4.962** | **178** | **34** | 1 |
| Вкупно | **9.925** | **339** | **60** | 1 |

Во поглед на етничката структура на населението во општина Пехчево структурата е следна:

| | Македонци | Роми | Турци | Срби |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | **1.632** | **136** | **148** | |
| Жени | **1.601** | **120** | **132** | 1 |
| Вкупно | **3.233** | **256** | **280** | 1 |

Во моментов во општина Берово 910 жители активно бараат работа, од кои 494 се жени. Во општина Пехчево бројот на активни баратели на работа изнесува 297 од кои 159 се жени. Вкупниот број на активни баратели изнесува 1207 што е помалку од претходната 2021 година кога бројот изнесуваше 1359 активни баратели на работа во двете општини. Најголемиот број на активни баратели на работа се со НКВ. Во однос на возрасната граница најмногу активни баратели на работа се на возраст од 60 год. и повеќе односно 207 од кои 146 се на територијата на општина Берово и 207 се на територијата на општина Пехчево.

Во Република С.Македонија просечната месечна нето плата по вработен изнесува **33.104,00** денари пресметана во месец октомври **2022** година.

Во поглед на здравствените услуги во општините Берово и Пехчево, треба да се истакне дека и двете општини се покриени со 24 часа брза помош, има рурални амбуланти кои пред се, се во функција на старите, изнемоштени, тешко болни и хендикепирани лица, кои се покриени со лекар и медицинска сестра. И двете општини исто така 80% се покриени и со Примарната здравствена заштита (матичен лекар) кои два дена во неделата ги посетуваат пациентите.

Здравствените домови како и сите институции во двете општини се обезбедени со пристапни рампи за хендикепираните лица.

И во општина Берово и во општина Пехчево најголем процент на социјално загрозени лица се лицата од Ромска националност. Во општина Пехчево како најризично население со 56% од вкупниот број е с.Црник каде живее македонско, турско и ромско население додека во општина Берово исто така со 42% од вкупниот број преовладува ромското население.

Најголемиот број на лица кои се наоѓаат во социјален ризик се од Ромска националност чиј што процент на невработеност е најголем заради нискиот степен на образование на истите.

РИЦ (Ромски информативен центар) е во функција на граѓаните од ромска националност. За сите информации граѓаните можат да се обратат и да им се даде информација каде и што понатаму.

Исто така загрижувачки е и податокот што последователно во последните неколку години и во двете општини има значително голем број на фамилии кои се иселиле во странство. Причината за ваквото нагло иселување е невработеноста и барајќи ја својата егзистенција голем број на фамилии ја наоѓаат во иселувањето во странство.

Одредени права кои ги опфаќа Центарот значително зависат од демографските показатели на двете општини.

Сакаме да истакнеме дека социјалниот простор, законските измени и бројот на предмети од минатите години значително ќе влијаат на работата на центарот во наредната година.

## 4.ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, како и секоја година и оваа стои на располагање на сите странки на кои им се потребни нашите услуги се со цел истите навремено да бидат услужени и да им се пружи соодветната помош и поддршка.

## 5.ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

Права на парична помош од социјална заштита се:

1.Гарантирана минимална помош
2.Надоместок заради попреченост
3.Надоместок за помош и нега од друго лице
4.Надоместок на плата за скратено работно време
5.Додаток за домување
6.Траен надоместок и
7.Еднократна парична помош.

Право на ГМП има домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува.

Надоместокот заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е
- со тешка или длабока интелектуална попреченост,
- со најтешка телесна попреченост,
- потполно слепо лице и
- потполно глуво лице.

Надоместок на помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето.

Правото на додаток за домување се обезбедува на материјално и стамбено необезбедени лица.

Право на траен надоместок има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за детето со попреченост.

ЕПП или помош во натура се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството.

| Број на предмети во работа | Реализирани | Планирани |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Гарантирана минимална помош | 256 | 270 |
| Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, | 787 | 800 |
| Надоместок заради попреченост | 180 | 185 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 651 | 700 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 6 | 6 |
| Додаток за домување | 3 | 3 |
| Траен надоместок | 3 | 3 |
| Еднократна парична помош | 187 | 190 |
| Социјална сигурност на стари лица | 46 | 50 |
| Детски додаток | 141 | 150 |

| | | |
|---|---|---|
| Посебен додаток | 47 | 50 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 70 | 70 |
| Образовен додаток | 183 | 190 |
| Родителски додаток за трето дете | 125 | 130 |
| Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете | 4 | 4 |
| Цивилна инвалиднина | 0 | 0 |
| Додаток за образование на лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа | 13 | 10 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | 1 | 1 |
| Право на здравствена заштита | 31 | 35 |
| Парични надоместоци од други закони | 0 | 0 |
| | | |
| Вкупно | 2.704 | 2.847 |

Од податоците во табелата може да се забележи дека најзастапени предмети во работа се предметите од правото на помош и нега од друго лице каде последователно во последните три години бројот на корисници на ова право расте и Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството. Намалување на бројот на предмети има скоро во сите права освен кај ЕППН и социјална сигурност на стари лица. Разлика во бројот на предмети нема само кај Надоместок на плата за скратено работно време каде бројот на предмети во последните три години е постојано 6. Најголемо отстапување се забележува во бројот на предмети на помош и нега и додаток за образование. Во 2022 година има реализирано помалку предмети во работа од планираното, односно помалку 301 предмет.

**5.1. Гарантирана минимална помош**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети/случај | Пренесени | 285 | |
| | Новопримени | 17 | |
| | Укинати | 39 | |
| | Одбиени | 4 | |
| | Предмети во работа-нерешени | 3 | |
| | Позитивно решени | 256 | 270 |

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Корисници | Носители | 129 | 130 |
| | Вкупно корисници | 276 | 280 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 21.600.000,00 | 22.600.000,00 |

Од 23.05.2019 година стапи на сила новиот закон за социјална заштита во кој се воведе гарантираната минимална помош како ново право кое што право можат да го остварат досегашните корисници на СПП и ПП на кои што корисници дополнително им се исплаќа по 1.053,00 ден. од месеците јануари- јуни и од октомври - декември како паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството Исто така домаќинство со деца кое користи ГМП, остварува и права за заштита на децата, согласно со Законот за заштита на децата.Друга измена е во чл.2 од Закон за изменување и доплонување на Законот за социјална заштита 99/22 со исплата на ГМП за месеците март, април, мај 2022 г. за секој корисник на ГМП во висина од 1.000,00 ден.за подобрување на финансиската состојба во услови на криза.

Во однос на планирани премети во 2023 година се планира бројот на корисници на ГМП да се зголеми на околу 280 корисници.

### 5.2.Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството,

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Корисници | Носители | 302 | 392 |
| | Вкупно корисници | 787 | 800 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 2.748.200,00 | 3.348.200,00 |

По член 42 од Законот за социјална заштита домаќинство кое користи ГМП, остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енерѓенси во домаќинството, за месеците од октомври до март.

Месечниот износ на висината на додатокот од став 1 на овој член изнесува 1.053,00 денари, усогласена со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Овој додаток во 2023 година се планира да го остварат 392 носители односно 800 корисници.

### 5.3.Надоместок заради попреченост

| Вид попреченост | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| тешка или длабока интелектуална попреченост | Пренесени | 70 | 57 |
| | Новопримени | 2 | 2 |
| | Одбиени | 15 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 57 | 49 |
| најтешка телесна попреченост | Пренесени | 38 | 33 |
| | Новопримени | 5 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Одбиени | 10 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 33 | 27 |
| потполно слепо лице | Пренесени | 45 | 37 |
| | Новопримени | 1 | 2 |
| | Одбиени | 9 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 37 | 29 |
| потполно глуво лице. | Пренесени | 56 | 53 |
| | Новопримени | 2 | 1 |
| | Одбиени | 5 | 5 |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 53 | 49 |
| Средства | Исплатени/ Потребни средства | 11.757.462,00 | 10.757.462,00 |

Надоместокот заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е

- со тешка или длабока интелектуална попреченост,
- со најтешка телесна попреченост,
- потполно слепо лице и
- потполно глуво лице.

Правото на надоместок заради попреченост се остварува врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа.

### 5.4 Надоместок за помош и нега од друго лице

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 725 | 651 |
| | Новопримени | 370 | |
| | Укинати | 242 | |
| | Одбиени | 83 | |
| | Предмети во работа-нерешени | 119 | |
| | Позитивно решени | 651 | 700 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 35.646.297,00 | 36.746.297,00 |

Надоместок на помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба,

на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 700 корисници на ова право.

**5.5.Надоместок на плата за скратено работно време**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 6 | 6 |
| | Новопримени | / | / |
| | Укинати | / | / |
| | Одбиени | / | / |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 6 | 6 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 727.800,00 | 727.800,00 |

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето.

Се планира бројот на корисници на ова право во 2023 година да остане ист.

**5.6.Додаток за домување**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 4 | 3 |
| | Новопримени | / | |
| | Укинати | 1 | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | / | |
| | Позитивно решени | 3 | 3 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 215.213,00 | 215.213,00 |

Правото на додаток за домување се обезбедува на материјално и стамбено необезбедени лица.Ова право го остварува лице на статус на дете без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст со решение од центарот ставено под старетелство.

Се планира бројот на корисници на ова право во 2023 година да остане ист.

**5.7.Траен надоместок**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Згрижувач | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | / | / |
| Родител кој се грижел за дете со попреченост | Пренесени | 3 | 3 |
| | Новопримени | / | / |
| | Укинати | / | / |
| | Одбиени | / | / |
| | Предмети во работа-нерешени | / | / |
| | Позитивно решени | 3 | 3 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 303.192,00 | 303.192,00 |

Право на траен надоместок за згрижувач има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа.

Се планира бројот на корисници на ова право во 2023 година да остане ист.

### 5.8. Еднократна парична помош

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | 187 | 193 |
| | Укинати | / | |
| | Одбиени | 3 | 3 |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 184 | 190 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 1.073.500,00 | 1.273.500,00 |

ЕПП или помош во натура се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството. Најчеста причина за поднесување на барање за ЕПП е за основни животни потреби како и за елементарни непогоди. Финансиските средства кои се одобруваа месечно до донесувањето на новиот закон беа 30.000 денари месечно додека сега по новиот закон нема лимит.

### 5.9. Социјална сигурност за стари лица

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 44 | 46 |
| | Новопримени | 10 | |
| | Укинати | 7 | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | 1 | |
| | Позитивно решени | 46 | 50 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 3.385.682,00 | 3.985.682,00 |

Право на социјална сигурност има лице со навршени 65 години возраст под услови утврдени со Законот за социјална сигурност за старите лица.Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица изнесува 6.317,00 денари.Корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица има право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домакинството за месеците од октомври до март во висина од 1.053,00 денари месечно.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 50 корисници на ова право.

**5.10.Детски додаток**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 147 | 141 |
| | Новопримени | 21 | |
| | Укинати | 24 | |
| | Одбиени | 3 | |
| | Предмети во работа-нерешени | / | |
| | Позитивно решени | 141 | 150 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 2.154.860,00 | 2.954.860,00 |

Право на ДД се остварува во зависност од материјалната состојба на домаќинството согласно Законот за заштита на децата.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 150 корисници на ова право.

**5.11.Посебен додаток**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 62 | 47 |
| | Новопримени | 5 | |
| | Укинати | 20 | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | / | |
| | Позитивно решени | 47 | 50 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 3.531.940,00 | 3.931.940,00 |

Правото на посебен додаток го остварува еден од родителите на детето или друго лице согласно Законот за заштита на децата.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 50 корисници на ова право.

**5.12.Еднократна парична помош за новороденче**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Новопримени | 70 | 70 |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | 70 | 70 |
| | Позитивно решени | 70 | 70 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 999.755,00 | 1.000.000,00 |

Правото на еднкратна парична помош за новороденче се обезбедува на семејството за прво и второ живородено дете на мајката, како и за прво и второ посвоено дете доколку мајката нема новородено дете, согласно Законот за заштита на децата.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 70 корисници на ова право.

**5.13.Додаток за образование**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | 183 | 190 |
| | Укинати | / | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 183 | 190 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 1.156.341,00 | 1.856.341,00 |

Додаток за образование се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата.

Правото на додаток за образование го остварува мајката на детето-редовен ученик во основно и/или средно образование или друго лице согласно Законот за заштита на децата.Исплатата на додатокот за образование се врши во 4 еднакви износи од по 2.211 ден. на корисникот на правото на додаток за образование на дете во основно образование и по 3.158 ден. на корисникот на правото на додатокот за образование на дете во средно.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 190 корисници на ова право.

**5.14.Додаток за образование на лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа**

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 10 | 13 |
| | Новопримени | 3 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Укинати | / | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | / | |
| | Позитивно решени | 13 | 10 |

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 2.766.744,00 | 2.466.744,00 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Жалби | Поднесени | | |
| | Усвоени | | |
| | Одбиени | | |

(1) Лице кое до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, запишано како редовен студент на некој од јавните високообразовни универзитети во Република Северна Македонија, за секоја редовна студиска година, а најдоцна до 26 годишна возраст остварува право на додаток за образование. (2) Лице кое до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, доколку се запише на втор циклус магистерски студии остварува право на додаток за образование за времетраењето на магистерските студии, но најмногу до три години од денот на запишувањето согласно Законот за заштита на децата. (3) Лице кое до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, доколку се запише на трет циклус докторски студии остварува право на додаток за образование за времетраењето на докторските студии, но најмногу до шест години од денот на запишувањето согласно Законот за заштита на децата. (4) Лицето од ставовите (1), (2) и (3) остварува и користи право на додаток за образование независно од материјалната состојба.

5.15. **Родителски додаток**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 138 | 125 |
| | Новопримени | 3 | |
| | Укинати | 16 | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | 125 | |
| | Позитивно решени | 125 | 130 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 12.661.018,00 | 13.661.018,00 |

Право на родителски додаток за дете(трето дете) се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесувањето на барањето за остварување на правото е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година.

Во 2023 година се планира овој број да достигне 130 корисници на ова право.

**5.16.Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 5 | 4 |
| | Укинати | 1 | |
| | Одбиени | | |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 561.888,00 | 561.888,00 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Жалби | Поднесени | | |
| | Усвоени | | |
| | Одбиени | | |

Од податоците во табелата може да се забележи дека бројот на корисници на паричен надоместок на мајка која родила четврто дете во 2022 е 4 од причина што еден корисник не го обновил барањето од причина што семејството се иселило во странство.

Во 2023 година бројот на корисници на ова право се планира да остане ист.

**5.17.Цивилна инвалиднина**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | / | / |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | / | / |

Во нашиот Центар немаме регистрирано вакви корисници.

**5.18.Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 1 | 1 |
| | Новопримени | / | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 1 | 1 |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 131.736,00 | 131.736,00 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Жалби | Поднесени | | |
| | Усвоени | | |
| | Одбиени | | |

Згрижувачкото семејство добива месечен надоместок за трошоците за сместеното дете и надоместок за згрижување.

Сместувањето на децата во згрижувачко семејство е најсоодветен облик на заштита на децата бидејќи се овозможува нивен правилен психо-социјален развој во услови најблиски на семејното опкружување.

Лицата кои се заинтересирани за бидат згрижувачи потребно е да се обратат во центарот за социјална работа во местото на нивното живеење.

**5.19.Право на здравствена заштита**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | 35 | 31 |
| | Новопримени | 1 | |
| | Укинати | 5 | |
| | Одбиени | / | |
| | Предмети во работа-нерешени | 31 | |
| | Позитивно решени | 31 | 35 |

| | Релизирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Исплатени средства | Исплатени средства | 607.988,00 | 680.988,00 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Жалби | Поднесени | | |
| | Усвоени | | |
| | Одбиени | | |

Право на здравствена заштита има
- корисник на ГМП
- корисник на надоместок заради попреченост
- корисник на надоместок за помош и нега од друго лице
- лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита
- корисници на вон-семејна заштита
- лице-жртва на семејно насилство за кое се преема марка на заштита согласно со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и
- лице-жртва на трговија со луѓе.

### 5.20.Паричен надоместок од други закони

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | / | / |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | | |

# 6.СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА И СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

## 6.1.СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

| Планирана активност | Учесници/целна група (описно) | Број/опфат на учесници | Очекувани позитивни влијанија/исходи |
|---|---|---|---|
| 1 | жени | 30 | 25 |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Во делот на социјална превенција оваа година ЦСР Берово има учествувано на една активност во соработка со Организација на жени на град Пехчево во делот на семејно и родово базирано насилство каде целна група беа 25 жени. Оваа тркалезна маса беше со цел информирање за новите законски одредби и начинот на кој системот дава заштита на жртвите на насилство и членовите на нивните семејства.
Се надеваме дека во 2023 година, на ова поле ќе имаме повеќе активности.

## 6.2.СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

### 6.2.1.Услуги на информирање и упатување

| **Услуги на информирање** | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Користење на парични права во ЦСР | 400 | |
| Користење на услуги во ЦСР | 150 | |
| Користење на парични права и услуги во ЦСР | 480 | |
| Други информации од делокругот на работа на ЦСР | 80 | |
| **Услуги на упатување** | 100 | |
| Упатување кај други овластени даватели на социјални услуги | 5 | |
| Услуга на упатување до друга институција | 100 | |
| Вкупно | 1215 | |

Услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите. Преку тријажата која ја врши тријажерот се прави првичната процена на потребите на корисниците и врз основа на тој првичен разговор се констатираат можностите за влез во системот на социјална заштита или пак се врши упатување до друга установа или давател каде граѓанинот може да си ја оствари потребата.

### 6.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Услуги на стручна помош и поддршка | 118 | 120 |
| Вкупно | 118 | 120 |

Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејство опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

### 6.2.3. Услуги на советување

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи | 0 | 0 |
| советување при развод на брак | 10 | 10 |
| семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи | / | / |
| психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство | 8 | 10 |
| психо-социјален третман на сторители на семејно насилство | 2 | 3 |
| други специјализирани видови на советувања | 15 | 15 |
| Вкупно | 35 | 38 |

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа: - подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи, - советување при развод на брак, - семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, - психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, - психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и - други специјализирани видови на советувања.

### 6.2.4. Услуги во домот

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Помош и нега во домот | 79 | 80 |
| Лична асистенција | 1 | 1 |
| Вкупно | 80 | 81 |

Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услуги во домот од ставот 1 на овој член се: 1. помош и нега во домот и

2. лична асистенција.

Со услугата помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

## 6.2.5. Услуги во заедницата

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација,реинтеграција, на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

**Центри за Дневен престој :**

- **Центар за дневен престој за лица со попреченост**

| Корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Вкупен број на категоризирани лица на територијата што ја покрива ЦСР на возраст од<br>0-26 години и тоа :<br>0-18 години<br>18-26 години над 26 услугата | | |
| Број на упатени во дневен центар | 10 | 10-15 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 5-10 | 10-15 |

Во периодот од Јануари до Јуни услугата дневен престој ја имаат користено 5 лица. Состојбата е променета во периодот од Јули до Декември и нивниот број се зголемува на 9, односно 10 корисника. Бројот е зголемен како резултат на обезбеден превоз од страна на ЦСР со што услугите стануваат достапни и за корисници од соседната општина Пехчево, како и за лица од селата на територија на општина Берово.

За корисниците се грижел стручен тим составен од: социјален работник, дефектолог и здравствен работник-кинезитерапевт. Од помошен персонал имало две медицински сестри и еден физиотерапевт. Од технички персонал има хигиеничарка и возач кој е на проект преку општо корисна работа. Во периодот од Јуни до Декември социјалниот работник користи породилно отсуство. Од август 2022 год. е направена прераспределба на кадарот со што е направена внатре-институционална замена на една медицинска сестра со дефектолог од Мал групен дом (оддел на ЦСР). Од декември 2022 едниот дефектолог е на годишен одмор, а по завршување на истиот му престанува работниот ангажман поради пензионирање. Возачот не е редовно вработен.

- **Работа со корисниците и семејствата**

***Активности со корисниците:***

1. Вештини за подобрување на грижата за себе и самопослужување и развој и стекнување на културно-хигиенски навики,
- Развој на моторика,
- Развој на социо-емоционални вештини и социјализација,
2. Развој на когнитивни способности,
3. Развој на говорни и комуникативни способности
4. Развој на перцептивни способности,
5. Развој на работните способности,
6. Контрола во однесувањето,
7. Интеграција-вклучување во локалната заедница,
8. Оспособување на лицата за работно-производствена активност,
9. Развој на физичките предиспозиции,
10. Стручен кинезитерапевтски третман.

Со корисниците се работи според Годишна програма за работа од која произлегуваат месечните, неделните и дневните планови за работа. Со истите се работи индивидуално и во група, а активностите се прилагодени на можностите и потенцијалите кои ги поседуваат самите корисници.

***Активности со семејството:***

Според Програмата за работа со семејствата на корисниците активностите се поделени во четири подрачја, со цел :

1. Поддршка во реализација на секојдневните активности за грижа рехабилитација и социјализација;
2. Поттик за учество во реализирање на одредени содржини со корисниците:
3. Стимулација и поддршка на семејството за надминување на социјалната изолација;
4. Состаноци за изработка и разгледување на индивидуални планови за корисниците;
5. Развивање на соработка и доверба помеѓу семејството и стручните лица.

Комуникацијата на вработените со семејствата на корисниците се остварува преку секојдневните средби, преку телефонски разговори и преку посета во домовите на истите. Во соработка со родителите се одржуваат повремени родителски средби, учество во работилници, роденденски забави, прослава на одредени празници и сл. А исто така родителите се вклучени и при изготвување на плановите за индивидуален третман на корисниците.

**Потреби за подобрување на условите во работата и ефектите од работата**

1. Набавка на сопствено соодветно превозно средство- комбе за превоз на корисниците, со кое ќе се олесни и реализацијата на одредени активности надвор од Дневниот центар ( моментално се користи превозно средство позајмено од ЦСР Делчево и истото не поседува соодветна опрема за превоз на лица со попреченост).

2. Организирање на обуки за справување со корисници кои се повремено агресивни. Обуките да бидат наменети за вработените, родителите и корисниците;

3. Набавка на асистивна технологија наменета за корисниците;

4. Развој на нови услуги и опфаќање на целиот континуитет на грижа;

5. Соработка со Бизнис заедницата со цел да се изработат индивудуални планови за работно оспособување согласно можностите на корисникот за нивно вклучување на пазарот на трудот;

6. Поддршка во адаптација и инклузија на лице со попреченост во работниот процес на центарот (менторска поддршка, подготовка на работна средина, мерки за инклузивна работна структура, итн.);

**-Начин на зголемување на опфат и присутност**

а) Да се направи мапирање на територијата на Општините Берово и Пехчево за да се дојде до релевантни податоци за лицата со попреченост.

б) По извршената категоризација доколку има потенцијални корисници кои ги исполнуваат условите од страна на стручни лици од ЈУ МЦСР да се даде предлог за користење на услугите на Дневен центар.

в) Подигање на свеста кај локалното население за можностите кои ги нуди услугата.

г) Проширување на обемот на услуги преку воведување на услугата индивидуален третман на лица со попреченост кои не се постојани корисници на услугата дневен престој.

**Според возраста табелета изгледа вака:**

| Возраст | над 30год | 26-30 | 20-25 | 16-19 | 10-15 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 6 | / | 4 | / | / | 10 |

**Според националноста:**

| Националност | Македонци | Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 10 | / | 10 |

**Според полот:**

| Пол | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 2 | 8 | 10 |

- **Центар за дневен престој на деца во ризик**

| Корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Вкупен број евидентирани деца на улица на подрачјето на ЦСР | / | / |
| Број на упатени во дневен центар | / | / |
| Просечен број на присутни во дневен центар | / | / |

- **Центар за рехабилитација и ресоцијализација**

| Корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Вкупен број евидентирани зависници на подрачјето на ЦСР | 2 | 1 |
| Број на упатени во Центар за рехабилитација и ресоцијализација | 2 | |
| Просечен број на присутни во центар за рехабилитација и ресоцијализација | / | / |

Оваа година за прв пат се јави лице корисник на дрога кој веќе беше идентификуван од страна на стручни лица од центарот. Додека другиот корисник е лице кое злоупотребува алкохол и веќе неколку пати имал неуспешно лекување. Со цел обезбедување на друг тип на рехабилитација е сместен во установа за рехабилитација и ресоцијализација кај овластен давател на услугата Центар за социјална услуга, третман и рехабилитација во терапевтска заедница ,, ПОКРОВ,, Струмица. Изготвен е индивидуален план за работа со корисникот и соработка со терапевтската заедница.Помош од страна на стручно лице за остварување на права од социјална заштита( ЕПП ), и советодавна работа со корисникот.Сепак борбата со зависности е тешка и многу често зависи од личните капацитети на корисникот и неговата желба за лекување и апстиненција.

- **Центар за дневен престој за бездомни лица**

| Корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Број на корисници | / | / |

Во нашиот Центар немаме евидентирано вакви корисници.

- **Центар за дневен престој за стари лица**

| Корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Број на регистрирани корисници во ДЦ | / | / |
| Просечен број на присутни во дневен центар | / | / |

Во нашиот Центар немаме евидентирано вакви корисници.

**Центри за привремен престој (ЦПП)**

- Центар за жртви на семејно насилство /Центар за жртви на семејно насилство, центар за жртви на родово-базирано насилство и центар за жени жртви на сексуално насилство и силување

| Број на корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| | 2 | 2 |

Во тековната година во постапки кои се водеа за заштита од семејно насилство поради директна закана по животот на жртвите од страна на сторителите на семејно насилство беа сместени шест корисници од две семејства кај лиценциран давател на услуги.По сместувањето од страна на службеното лице во ЈУМЦСР Берово континуирано се остваруваат контакти со жртвите на семејно насилство при што се следи состојбата на истите а доколку има потреба се дава и психосоцијална подршка.

- **Центар за жртви на трговија со луѓе**

| Број на корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| | / | / |

Во нашиот Центар немаме евидентирано вакви корисници.

- **Центар за бездомници**

| Број на корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| | / | / |
| | / | / |

Во нашиот Центар немаме евидентирано вакви корисници.

- **Центар за деца кои ќе се затекнат без родителска грижа или како скитаат и деца жртви на злоупотреба**

| Број на корисници | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| | / | / |

Во нашиот Центар немаме евидентирано вакви корисници.

- **Советувалиште**

| Корисници | Реализирано | План 2023 |
|---|---|---|
| | 2022 | |
| Вкупен број на евидентирани корисници во Советувалиште | / | / |
| Број на корисници по одредени ризици<br>-брак и семејство<br>-семејно насилство<br>-деца во ризик и сл | 28 | 30 |

**Во текот на 2022 година во нашиот центар се евидентирани 28 корисници по одредени ризици( брак и семејство 10, семејно насилство 8, деца во ризик 10).Стручниот тим на центарот кај корисниците со проблеми во брак спроведе мировни постапки од кои неколку беа успешни но повеќето неуспешни а некои се во тек. Сепак за успех на оваа советувалиште потребно е да се направат одредени промени, да биде со стручни лица независни од предметот, да биде органиѕарно на ниво на група со ризици за да може корисниците да добијат увид во проблемот од независни лица**

**како и да добијат и јакнат групи на самоподдршка со што би се обезбедил континуитет на поддршката.**

### 6.2.6 Услуги на вон-семејна заштита

